Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-1002/5
10.07.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јули 2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Ливинг 2014, со седиште на ул.Македонско-косовска бригада 1, бр.89, Скопје, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија.

## Образложение

Ливинг 2014 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Македонско-Косовска бригада 1, бр. 89, Скопје, поднесе Барање бр.УП1 13-175 од 1.4.2024 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Ливинг 2014, со седиште на ул.Македонско-Косовска бригада 1, бр. 89, Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1 13-175 од 8.8.2024 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објкект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.07.2025 21:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=d0340f69-4dcf-42f2-8b07-43a5d681a436&docSharePointURL=/materijali/2024/638731528985441090/Documents/act.docx&materialId=fe10f9a9-9151-4c1c-a4f7-7808beaaa67b** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.07.09 16:28:07 +02:00

Подготвил: Христина Мишевска, 08.07.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 08.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 08.07.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 08.07.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.07.09 10:33:52 +02:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.07.2025 21:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=d0340f69-4dcf-42f2-8b07-43a5d681a436&docSharePointURL=/materijali/2024/638731528985441090/Documents/act.docx&materialId=fe10f9a9-9151-4c1c-a4f7-7808beaaa67b** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*